# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.137 од 07.10.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 87/13 и 106/13), во членот 3 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Сопственост на земјоделско земјиште во државна сопственост не можат да стекнат странски физички и правни лица ниту на посреден начин преку сопственост на акции или удели во процент поголем од 49% врз капитално поврзани правни лица кои имаат непосредна или посредна контрола во донесувањето на одлуките на правното лице кое се стекнало со сопственост на земјоделско земјиште согласно со одредбите од овој закон."
Во ставот (3) кој станува став (4) по зборот „ставовите" се додава бројот „(1)".

**Член 2**

Во членот 11 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "кои не се подружници на странски правни лица."

**Член 3**

По членот 20 се додаваат два нови члена 20-а и 20-б, кои гласат:

**„Член 20-а**

(1) Со право на сопственост на земјоделско земјиште за кое е склучен договор за купопродажба со министерството, а врз кое е засновано право на залог, во постапка на извршување заради намирување на побарување на заложен доверител може да се стекнат само правни и физички лица кои ги исполнуваат условите за стекнување со право на сопственост на земјоделско земјиште во државна сопственост предвидени со овој закон.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член е составен дел на договорот за купопродажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Член 20-б**

Во случај на продажба на акции или удели на правното лице кое се стекнало со право на сопственост на земјоделско земјиште во државна сопственост, на странско правно и физичко лице, по склучувањето на договорот за купопродажба на земјоделско земјиште во државна сопственост при што странското правно, односно физичко лице се стекнало со право на сопственост на акции или удели во процент поголем од 49%, договорот за купопродажба на земјоделско земјиште во државна сопственост е ништовен."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".